errc
european roma rights centre

# ЕВРОПСКИОТ СУД ПРЕСУДИ ДЕКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НЕ СПРОВЕЛА ИСТРАГА ЗА РАСНО-МОТИВИРАНА ПОЛИЦИСКА БРУТАЛНОСТ



**Брисел, 25 јуни 2021 год.**: Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда во корист на еден Ром кој бил физички и расистички нападнат од полициски службеници за време на полициска рација во Топаана, ромска населба во Скопје, Северна Македонија. Во пресудата, Судот утврдил дека државните власти сториле повреда на член 14 во врска во член 3 од Конвенцијата поради неспроведување истрага по наводите на апликантот за расно-мотивирана полициска бруталност. Судот ѝ нареди на државата на апликантот да му исплати оштета во износ од 3.000 евра во рок од три месеци.

Коментирајќи ја пресудата, претседателот на ЕЦПР Ѓорѓе Јовановиќ изјави:

„Ги поздравуваме наодите на Судот дека неуспехот на Северна Македонија да ги истражи наводите за расно-мотивирана полициска бруталност преставува повреда на човековите права. Има премногу случаи на полициско насилство врз Ромите, и огромно непостапување од страна на државата за соодветна истрага на расно-мотивирани физички напади. За да се обнови довербата на ромските заедници во владеењето на правото, сите Роми мора да имаат пристап до правда, а истрагите за расистички испади од страна на органите за спроведување на законот мора да бидат брзи, темелни и транспарентни.“

Инцидентот се случил во 2013 година, кога специјални полициски единици спроведувале рација со примена на сила којшто ЕЦПР во тоа време ја опиша како ‘прекумерна и произволна’. На 5 мај, околу 50 полициски службеници примениле сила врз Ромите, преку неселективно таргетирање на поединци, вклучително и жени, за време на полициската акција за пронаоѓање само едно осомничено лице. Ромите од населбата Топаана го известија ЕЦПР дека полицајците насилно влегле во неколку ромски куќи и локални продавници без какво било објаснување, вознемирувајќи и туркајќи ги луѓето, често и во присуство на деца. Ромите изјавија дека полициските службеници ги клоцале и ги удирале со тупаници и пендреци. Околу десетина Роми биле претепани, вклучително и три жени. Ромот бил во една продавница кога полицијата насилно влегла и го нападнала. Тој бил клоцан и удиран од голема група полицајци, кои извикувале расистички навреди.

ЕЦПР му помогна директно да отиде во јавното обвинителство и да поднесе пријава. Години подоцна, пријавата сè уште не била затворена без каква било индикација дека некогаш ќе биде истражена. ЕЦПР истовремено поведе три случаи: два случаи пред домашниот граѓански суд против националната полиција и против јавното обвинителство, и една пред ЕСЧП.

Ова е еден од многуте случаи на полициска бруталност врз Ромите коишто ЕЦПР ги има покренато во Северна Македонија. Доказите во овој случај уште еднаш покажаа дека македонската полиција, наместо да ги заштитува правата на Ромите, е вклучена во шема на институционална дискриминација и насилство врз Ромите. Овој случај вклучува два од највообичаените пропусти на органите за спроведување на законот при извршување полициска работа меѓу Ромите ширум Европа: расистичко насилство и отсуство на ефективна истрага. Тие се највидливите и највообичаените манифестации на антициганизмот во цела Европа.

Северна Македонија има рок од три месеци за да ја спроведе оваа пресуда.

Ова соопштение за печатот е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или да договорите интервју, контактирате ги:

Бернард Рорк (на англиски)
Менаџер за застапување и јавни политики
Европски центар за правата на Ромите
bernard.rorke@errc.org
+36 30 914 3065

Сенада Сали (на македонски)
Менаџер за правни работи
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+389 74 240 274